ите на Димо Хаџи Димов за организационото устројство на Внатрешната македонска революционерна организација.

На крајот во својот завршен збор Душко Поповски констатира дека големиот број реферати, многубројните проблеми и прашања што се третирани во нив, изнесените факти, констатации и нови сознанија покажаа дека изборот на главната тема на Симпозиумот бил сосема правилен и актуелен, а работата на Собирот беше мошне успешна. Поради тоа што овие реферати и поднесените дискусии ќе бидат од голем интерес и ќе претставуваат значаен придонес во нашата историографија, тој предложи тие да се отпечатат во посебен зборник.

Даринка ПАЧЕМСКА

## НАУЧЕН СОБИР

## „ПРИЛЕП И ПРИЛЕПСКО ВО НОВ 1943"

Во Прилеп од 21 до 23 март 1979 година се одржа научен собир на тема „Прилеп и Прилепско во НОВ 1943".

Одржувањето на овој научен собир се совпадна со времето кога насекаде се прославуваше 60-годишниот револуционерен пат од формирањето на КПЈ и 35-годишнината од смртта на великанот на нашата револуција — Кузман Јосифоски — Питу. Во присуство на голем број истакнати научници, општественополитички работници, учесници во револуционерните настани и други гости од Републиката и општината Прилеп, на 21 март во 10 часот собирот го отвори претседателот на Организациониот одбор, Борко Темелкоски. Откако ги поздрави учесниците и присутните на собирот, Темелкоски во својот пригоден говор накратко изнесе неколку карактеристични моменти од НОВ во Македонија во 1944 година, при што посебно се задржа на придонесот во борбата што го даде Прилепската партиска организација и на натчовечките напрегања што ги направи народот од прилепското подрачје.

Рефератите во работниот дел на овој научен собир, во своите мошне интересни излагања, презентираа еден комплексен осврт на животот настаните како и на револуционерната борба на Партијата и борците на Народноослободителната војна од револуционерниот Прилеп и неговите села во 1943 година. Комунистите израснати во Прилепската организација заземаат врвно место во плејадата на најистакнатите македонски комунисти, кои одлично ја познаваат и доследно ја спроведуваат линијата на КПЈ за вооружена борба. Голем број комунисти и скоевски активисти од прилепското подрачје заземаа видни места во ПК КПЈ за Македонија и како такви беа испраќани во разни краишта на Македонија за да го пренесат своето богато револуционерно искуство.

Првиот реферат на тема: „Состојбата и дејноста на КПМ во Прилеп, 1943 година" го поднесе д-р Велимир Брезоски. Во него тој го разгледа: континуитетот на развојот, дејноста и присутноста во настаните на Прилепската организација на КПЈ.

Во рефератите на: д-р Александар Христов „Кузман Јосифоски — Питу во изградувањето на државно-правната концепција на Македонија во текот на НОВ", Коце Солунски „Портретот на Кузман Јосифоски — Питу", проф. Јаким Синадиноски „Кузман Јосифоски — Питу во делот на Македонија под италијанска фашистичка окупација", проф. Методија Соколоски „Осврт на некои активности во 1943 и средбата со Кузман Јосифоски — Питу и Кире Гаврилоски", д-р Павле Митревски „Кузман Јосифоски — Питу во Струга и Струшко, 1941—1942 година", и Ефтим Ристевски „Партизански илегалци и партизаните Ѓорче Петковски — Стрелката, Илија Јовановски — Цветан, Мирче Ацев, Кузман Јосифоски", дадено е поцелосно научно расветлување на револуционерниот лик и дело на еден од најистакнатите личности на поновата историја и на историјата на КПЈ — Кузман Јосифоски — Питу.

Кузман Јосифоски — Питу со своите стекнати повеќегодишни предвоени револуционерни искуства, со значајните идејно-теоретски сознанија во рамките на југословенското комунистичко движење и со низата позитивно вродени и стекнати низ тоа движење индивидуални човечки квалитети за релативно кусо време до својата трагична смрт (25 февруари 1944 година во Скопје), успеа да се нареди во плејадата на малобројните врвни раководни партиски кадри на НОБ и Народната револуција. Кузман бил познат како човек со неисцрпна енергија, со големи организаторски способности, како раководител и инструктор на НОБ и Народната револуција. Понесен со револуционерната акција и мисла, бил сестрано активен и ангажиран во остварувањето на основните идеи и поставки на КПЈ за решавање на македонското национално прашање во услови на НОБ и Социјалистичката револуција. Во рефератите се подвлече дека Кузман е познат и како, сестрано образовен марксист, пристапен соговорник и секогаш пријател и другар".

Во дел од рефератите беа одбележани партиските кадри родум од Прилеп и Прилепско, кои како активисти на ЦК на КПМ и Покраинскиот воен штаб, односно Главниот штаб на НОВ и ПОМ, во мошне тешки услови престојуваат во повеќе места во Македонија, и кои со својата самопрегорна и активна работа придонесуваат да се оформат, зацврстат и оспособат тамошните партиски организации и редовите на НОД.

Д-р Павле Митревски „Учеството и придонесот на некои партиски кадри од Прилеп во НОВ во Охридско-струшкиот регион (Ратка и Александар Крстески — Јулски)" накратко ја резимира раководната партиска работа и придонесот на двајца истакнати партиски и скоевски раководители — Ратка и Александар Крстески, кои одат на те-

ренот на Дебарца каде што постои добро организирана партиска активност и богата револуционерна раздвиженост меѓу населението.

На собирот со реферати настапија и: Михајло Апостолски „Формирањето на баталјонот „Мирче Ацев"; Наум Димовски „Местен комитет на КПЈ — Прилеп, 1941—1944 година состав, организација и дејствување"; Антун Колендиќ „Меѓународните рамки и реагирањата на развојот на НОВ во Македонија 1943 година"; Ценка Тутеска „Теророт на окупаторот, апсења (концентрационен логор „Свети Николе", Асеновград — Бугарија)"; Илија Беличанец „Грижата и мерките на партиските раководства за печатарската техника во Прилеп и Прилепско 1941—1943 година"; Милан Обрадовиќ „Известителната служба и системот на безбедноста на НОП во Прилеп и Прилепско 1943"; Миле Тодоровски „Социјалниот и националниот состав на припадниците на Народноослободителното движење во Прилеп и Прилепско"; Боро Митровски „Бугарската и Германската документација за настаните во 1943 година (со посебен осврт на Прилеп и Прилепско)"; Миле Михајлов „Активноста на КПМ во Прилеп и Прилепско во мобилизирањето на масите во НОВ 1943"; Киро Бардакоски „Врските на МК — Прилеп со Обласниот и Централниот комитет на КПМ, 1943 година"; Викторија Пети „Партиски врски помеѓу Прилеп и Крушево во текот на 1943 година"; Благоја Цветкоски „Престој и работа на партиски активисти од Прилеп во Струмица, Штип и други места во источна Македонија"; Данчо Стојчески „Животот во концентрациониот логор Еникеј — Крстополе"; Димче Митрески—Јавашо „Апсени, судени интернирани и ликвидирани учесници во НОД 1943"; Милан Стојкоски, Драган Черговски „Дреновци во НОВ 1941—1943"; Бранислав Вранешевиќ „Партизанските бази во Македонија и во Војводина, јака поткрепа на НОБ (паралела)"; Светозар Наумовски „Прилепски партиски кадри на работа во Струга и Струшко, 1941—1943"; Милица Бодрожиќ „Работничката класа од Прилеп во ослободителната борба и Социјалистичката револуција, 1941—1943"; Тодор Симовски „Контакти и соработка на движењето на отпорот на Воденско и Прилепско"; Киро Базерко „Активноста на дражиќевците во Прилепска околија"; Олга Спироска „Мара Јосифоска, народен херој од Прилеп"; Гога Спировски — Бабунски „Нешто за работата на Партијата и СКОЈ во претпријатието за обработка на момирок во 1943"; Генадија Лешко „Партиски врски на Бродско со Прилеп во текот на НОВ, 1941—1943 (сеќавање)"; Доне Пановски „Историски мотиви од песната „Бабуна" од Рампо Левката"; Новица Велјановски „Формирањето и активноста на НОО во Прилеп и Прилепско, 1943 година"; Илија Андреевски — Кагин „Партизанската чета и база во Азот (мај —август, 1943)"; Љубен Шукуроски „Дејноста на партиските ќелии во Варош во ослободителното движење, 1941—1943 година"; Бранко Кавкалески „Политичките затвореници од При-

лепско во Битолскиот и Ќустендилскиот затвор, 1943"; Радован Цветковски „Одразот на македонската поезија во некои настани од НОВ во Прилеп и Прилепско"; Нуфро Јованоски „Активноста на Илка Василеска — Присаѓанка, Божана во Гостиварско—Мавровскиот и Кичевскиот регион"; Љубен Георгиевски —Љупта „Александар—Цане Илиески—Форцата"; Нада Јурукова „Капитулацијата на Италија и одразот во Прилеп и Прилепско"; Боро Јовановски „Прилог кон библиографијата за Прилеп и Прилепско 1941—1943 година"; и Димитар Димитровски — Такец „Чебрен во НОВ".

Од презентираните реферати може да се види дека активноста на Партијата во Прилепското подрачје, пројавена во 1941 и 1942 година, а потоа во 1943 година со засилено темпо, и заедно со активноста што ја пројавуваат партиските организации во останатите подрачја во Македонија, претставува сериозна закана на окупаторската власт. И покрај тоа што окупаторот се служи со разни методи и постапува сè поригорозно против комунистите, скоевците и привржаниците на НОД, НОД во 1943 година сè повеќе се шири и го достигнува својот врвен развиток. На крајот можеме слободно да заклучиме дека исцрпните реферати поднесени на овој научен собир како и богатата содржајна дискусија што се разви придонесоа доста опширно да се расветлат бројни прашања од 1943 година.

Организаторот на симпозиумот и градот Прилеп како домаќин со својата успешна организација како и со мошне срдечниот прием, во оваа прилика се потврдија уште еднаш дека имаат широки можности за успешно одржување на вакви и слични манифестации.

Овој симпозиум ќе биде една основа, еден поттик, една помош за идните истражувачи кои врз научна основа ќе продолжат да ја истражуваат историјата на НОД општо во Македонија како целина, и во Прилепското подрачје како нејзин интегрален дел.

Сите материјали од симпозиумот ќе бидат печатени во посебен зборник како што беше практика и со претходните симпозиумски материјали.

Нада ЈУРУКОВА

**Научен собир „ОСНОВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА" одржан во Скопје на 1, 2, 3. XI 1979 година**

Научниот собир „Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија" се одржа под покровителство на претседателот на СКЈ Јосип Броз Тито.

Во присуство на околу 60 учесници и голем број гости од СРМ и од другите републики на нашата земја, Собирот го отвори претседателот на Претседа-